*Република Северна Македонија*
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА***
*Бр. 05-959/1*
*12.02. 2020 година*
*Скопје*

*Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:*

## *О Д Л У К А*
### ***за јавна набавка***

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на услуги и тоа: Набавка на одржување, сервисирање и испитување на систем за автоматско гаснење на пожар и дојава на пожар и систем на ППЗ заштита, противпожарни апарати и хидранти во објектот на Министерство за правда и ИТ центарот на Министерството за правда.*

*1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка на одржување, сервисирање и испитување на систем за автоматско гаснење на пожар и дојава на пожар и систем на ППЗ заштита, противпожарни апарати и хидранти во објектот на Министерство за правда и ИТ центарот на Министерството за правда.*

*1.2. Предметот на набавка е деллив на делови.*

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 650.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 117.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 767.000,00 денари.*

*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2020/2021 година.*

Digitally signed by
Oliver Ristovski
Date: 2020.02.12
14:01:02 CET

3. *Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно* ***член 49****, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на* ***поедноставена отворена постапка****, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно* ***член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*

7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| 1. *Никола Бабановски-* ***претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 2. *Насер Ќамили –***член на комисија за јавни набавки*** |
| 3. *Михајло Војтикив–* ***член на комисија за јавни набавки*** |

| |
|---|
| 4. *Ацо Живковски -* ***заменик претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 5. *Александар Кутев – заменик член на комисија за јавни набавки* |
| 6. *Кариман Авзији – заменик член на комисија за јавни набавки* |

8. *Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.*
9. *За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.*

10. *Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-13/1 од 02.01.2020 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е Набавка на одржување, сервисирање и испитување на систем за автоматско гаснење на пожар и дојава на пожар и систем на ППЗ заштита, противпожарни апарати и хидранти во објектот на Министерство за правда и ИТ центарот на Министерството за правда, кој предмет на набавка е деллив на делови.*
*За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 650.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 117.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 767.000,00 денари.*

*Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.*

*Доставено до:*
*- Комисија за јавни набавки*
*- Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА*

*По овластување на Министер за правда*
*Заменик Министер*
*Оливер Ристовски*

*Подготвил: Марина Миновска, Советник*
*Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение*
*Одобрил: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор*